ИРЕНА ПАСКАЛИ

# ПОМЕЃУ




# BETWEEN

IRENA PASKALI

CIX Gallery

Проектот ***Помеѓу*** *- моите мисли, моите луѓе* всушност претставува една интрамедијална инсталација во која авторката Ирена Паскали вклучува скулптури, моделирани и ready made објекти, како и видео арт, а со главна цел да ги преиспитува границите помеѓу емоционалното и рационалното, но исто така и разликите помеѓу индивидуалното и социјалното.

Видео артот е круцијалниот елемент на оваа инсталација што го нуди клучот за интерпретација на концептот со кој се поврзуваат сите нејзини објекти и медиуми. Глинените објекти во облик на мозок што се движат по транспортни траки како индустриски производи, кои се мијат и на кои им се удираат печати, навестуваат една критичка нота присутна во целиот проект: тој аспект главно се однесува на односот на групата кон индивидуата. Овој комплексен однос, според авторката, најчесто е негативен, особено кога станува збор за односот на повеќето луѓе кон уметникот како самосвесно битие. Објектите - мозоци се присутни и во галеријата, поврзани со мерици полни со вода која по систем на сврзани садови се прелева во објектите.

Текстуалните фрагменти - цитати од дневникот на самата авторка испишани директно врз садовите за мерење - зборуваат за континуираната интеракција помеѓу емоциите и мислите, како една еквилибристика на разумот и чувствата со која се соочува секој уметник во сопственото секојдневие. Односот што уметникот нужно го воспоставува со *другите* претставува однос на преиспитување, скепса и чести недоразбирања од што авторката се брани токму со сопствените емоции и мисли преточени во уметнички дела. Луѓето (објекти изведени од гипс, каширана хартија и облека) се поставени наспроти моделирани објекти - мозоците и реадѕ маде предмети - мериците; токму помеѓу нив е инсталирана видео проекцијата во која авторката видливо и јасно го изразува своето незадоволство и подготвеност да се избори за слобода на сопствените мисли и индивидуалност од влијанието на *другите*, па дури и по цена на жртвување на рационалното и општествено-прифатливото, која жртва е симболизирана со сцената на јадењето на мозокот на крајот на видеото.

Сузана Милевска

The project ***Between*** my thoughts, my people is actually an intermedial installation in which the author Irena Paskali includes sculptures, modeled and ready-made objects, as well as video art, with the main objective of re-exploring the borders between the emotional and the rational, but also the differences between the individual and the social.

The video art is the crucial element of this installation offering the key to interpretation of the concept that correlates all her objects and media. The clay brain-shaped objects moving on transport-band as industrial products, being washed and stamped, indicate the critical tissue that pervades the entire project: the aspect referring mainly to the relation of a group to an individual. According to the author, this complex relation is most often negative, particularly when it comes to the relation of most people to the art as self-conscious entity. The objects brains are arranged in the gallery in a way that they are connected with measuring cups filled with water, which is transcended into the forms by the system of connected vessels. Textual fragments - citations from the author's diary written on the measuring cups themselves - implicate the continual interaction between emotions and thoughts as a kind of equilibrium of mind and senses, which is encountered by an artist in the everyday's life.

The relation established essentially by the author with the others is actually a relation re-exploring, sepsis and misunderstandings, from which the author is defending herself precisely with her own emotions and thoughts transfigured into art works. People (figures created of gypsum, paper and clothes) are placed opposite to the modeled forms - brains and ready-made objectsmeasuring cups. Exactly between them is installed the video in which the artist is expressing apparently and explicitly her discontent and readiness to fight for the freedom of her thoughts and the individuality freed from the influence of the others, even on the cost of sacrificing the rational and the socially acceptable, a sacrifice symbolized by the scene of eating the brain at the end of the video.

Suzana Mileska





**"Помеѓу"** е настанат во рамките на
7. Европска Ателие програма на
ACC Галеријата и градот Вајмар
"Мерка на работите" воден од
М-р Јулија Драганович
и културбиро Ла Рета.

Автор: Ирена Пскали

Камера и монтажа: Јана Шнел

**"Zwischen"** began in the frame of
7. Europien Studio Programe of the
ACC Gallery and the City Weimar
"Measure of things" leaded by
M-r Julija Draganovic
and cullturbiro La Reta.

Author: Irena Pskali

Camera and editing: Jana Schnell








Инсталацијата содржи 6 скулптури во природна големина
направени од железна арматура, мрежа, гипс,
реди-маде облека, хартија,
9 мозоци од гипс, 9 тањири и 9 садови-мерки
на кои се запишани цитати од дневникот на авторот.

Видео

The installation includes 6 life-size sculptures
created of iron reinforcement, net, gypsum,
ready-made clothes, paper,
9 brains of gypsum, 9 plates and 9 measuring cups
bearing citations of the authors diary.

Video

## Ирена Паскали

Родена 1969 во Охрид. Живее во Скопје, ул. Братфорска 2 3/40.

Тел: ++389 02 382 267

e-mail: paskali99@yahoo.com

1995 - дипломира на Природно Математички факултет
2000 - дипломира на Факултет за ликовни уметности во класата на проф. Станко Павлески

Самостојни изложби

1995 - Графики, Дом на градежните работници - Скопје; Пробиштип, Македонија
1998 - Графики, Културен центар, Васа, Финска
2000 - Видео проекции, Дом на културата Охрид, Македонија
2000 - One day, one life, видео инсталација, CIX Галерија, Скопје, Македонија
2000 - One day, one life, видео инсталација, Дирекција за култура, Вајмар, Германија
2001 - “Помеѓу”, перформанс, Музеј на современа уметност, Вајмар, Германија
2001 - “Помеѓу”, видео инсталација, CIX Галерија, Скопје, Македонија

Групни изложби

1997 - СИАБ, Музеј на град Скопје, Македонија
2000 - СИАБ, Музеј на град Скопје, Македонија
2000 - Споени садови, мултимедијален фестивал, МКЦ, Скопје, Македонија
2000 - Скопско Лето, видео инсталација, Музеј на град Скопје, Македонија
2000 - Хераклиски вечери, видео инсталација, Музеј-завод, Битола, Македонија
2000 - Транс/АРТ, Лабин, Истра, Хрватска
2000 - МОТ, видео вечер, МКЦ, Скопје, Македонија
2000 - Корен, вода, гнездо, птица, перформас на македонско - америкнаска група на автори, МОБИУС, Бостон, МА, САД,
2000 - 2001 - Партиципира на 22. и 23. Токиски видео фестивал, Јапонија
2001 - 5. Биенале на млади, Музеј на современата уметност, Скопје, Македонија
2001 - Дипломирани студенти 2000/2001, Дом на АРМ, Скопје, Македонија
2001 - учествува на 7. Европска Ателие програма на АСС галерија и градот Вајмар, Греманија

## Irena Paskali

1969 Born in Ohrid. She lives in Skopje, st. Bratforska 2 3/40.

Tel: ++389 02 382 267

e-mail: paskali99@yahoo.com

1995 - graduated on the Faculty of Nature and Science
2000 - graduated on the Faculty of Fine Arts in the class of the prof. Stanko Pavleski

Solo exhibitions:

1995 - Prints, Constructor's House - Skopje; Probistip, Macedonia
1998 - Prints, Cultural Center , Vaasa, Finland
2000 - Video projections, Cultural House of Ohrid, Macedonia
2000 - "One day, one life", video installation, CIX Gallery, Skopje, Macedonia
2000 - "One day, one life", video installation, Direction of culture, Weimar, Germany
2001 - "Between", performance, Museum of contemporary arts, Weimar, Germany
2001 - "Between", video Installation, CIX Gallery, Skopje, Macedonia

Group exhibitions:

1997 - SIAB, Museum of the City of Skopje, Macedonia
2000 - SIAB, Museum of the City of Skopje, Macedonia
2000 - "Connected Plates", multimedia festival, MKC, Skopje, Macedonia
2000 - Skopsko Leto, video installation, Museum of the City of Skopje, Macedonia
2000 - The Heraklea nights, video installation, Museum - institute, Bitola, Macedonia
2000 - Trans/ART, Labin, Istra, Croatia
2000 - MOT, video night, MKC, Skopje, Macedonia
2000 - "Root, water, nest, bird", performance of the Macedonian - American group of authors, MOBIUS, Boston, MA, USA,
2000 - 2001 - Participation on 22. and 23. Video festival in Tokyo, Japan
2001 - 5. Youth Biennial, Skopje Museum of contemporary arts, Macedonia
2001 - Graduated students 2000/2001, House of ARM, Skopje, Macedonia
2001 - Participant in 7. Europian Studio Programe of the ACC Gallery and the City of Weimar, Germany

издавач: Центар за современи уметности - Скопје (CAC); за издавачот: Мелентие Пандиловски; текст: С.Милевска ; превод на англиски: Нада Андоновска
дизајн и припрема: К & К Миљановски и Е. Петров; печат: Интер графика Унион; тираж:500 ИСБН 9989-745-53-6

published: The Contemporary Art Center Skopje; editor in chief: Melentie Pandilovski; text: S. Milevska; translated into English: Nada Andonovska;
design: K & K. Miljanovski I E. Petrov; printed by: Inter Grafika Union; copies: 500 ISBN 9989-745-53-6

© 2001 by CAC - Skopje



CAC
the contemporary art center

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

PRO HELVETIA
Arts Council of Switzerland
On behalf of
SDC Swiss Agency for Development and Cooperation